**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

УП бр.1310-75
бр.на постапка 56513
од 29.01.2024 година
Велес

Градоначалникот на Општина Велес, постапувајќи по барањето поднесено под УП број 1310-75 од 30.10.2023 година од страна на Друштво за проектирање и одржување на објекти, производство, трговија и услуги РЕСУРС ЛТДИ дооел, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23) член 58 и член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува Проектна програма, со УП број 1310-75, број на постапка 56513 од 30.10.2023 година изработена од Друштво за проектирање и одржување на објекти, производство, трговија и услуги РЕСУРС ЛТДИ дооел, за изработка на Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1 – дистрибутивни центри со складови, на КП 1218/1, КП 1218/2, КП 1221/2 и дел од КП 1216/2, КО Башино село, Општина Велес.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Подносителот Друштво за проектирање и одржување на објекти, производство, трговија и услуги РЕСУРС ЛТДИ дооел, поднесе барање за одобрување на проектна програма, со УП број 1310-75, број на постапка 56513 од 30.10.2023 година изработена од Друштво за проектирање и одржување на објекти, производство, трговија и услуги РЕСУРС ЛТДИ дооел, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1 – дистрибутивни центри со складови, на КП 1218/1, КП 1218/2, КП 1221/2 и дел од КП 1216/2, КО Башино село, Општина Велес.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Барање за одобрување на Проектна програма,
2. Мислење од комисија за урбанизам
3. Предлог проектна програма со тех.бр.0801-140/23 од декември 2023 година,
4. Графички прилог на проектната програма,
5. Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y15616 од ноември, 2016 година,

6. Решение за услови за планирање на просторот со арх.бр.УП1-15 776/2016 од 16.12.2016 година, од Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за просторно планирање,
7. Имотен лист со бр.97 со деловоден бр.1105-13423/2023 од 26.10.2023 година,
8. Имотен лист бр.50635, со деловоден бр.1105-13625/2023 од 30.10.2023 година,
9. Имотен лист бр.50837 со деловоден бр.1105-13131/2023 година од 18.10.2023 година,
10. Полномошно со број УЗП 7075/2023 од 27.10.2023 година,

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение бр.08-2232/1 од 05.05.2023 година, по разгледување на приложената документација кон барањето и извршениот увид во истата, констатира дека барањето на проектната програма е основано и е во согласност со член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање(Службен весник на РСМ бр.225/20, 219/2021, 104/22 и 99/23), за што до Градоначалникот достави предлог за одобрување на проектната програма со УП бр.1310-75 од 18.01.2024 година, во кое даде позитивно мислење и предлага истата да се одобри.

Градоначалникот на Општината Велес по извршениот увид на приложената документација со барањето и Предлогот од Комисијата за урбанизам, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/2020 и 111/23). Врз основа на тоа, а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**Правна поука:**

Против ова Решение, барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.
Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

на Општина Велес

**Марко Колев**

Marko Kolev

Digitally signed by Marko Kolev
Date: 2024.01.29 13:51:56 +01'00'